# БЕЗБЕДНОСЕН КАРТОН

| СЕКЦИЈА 1 | ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА СУПСТАНЦА / СМЕСА И НА КОМПАНИЈА / ПОТФАТ |
|---|---|

Според ревизијата од датумот наведен погоре, овие ПБЛ(С) ги задоволуваат прописите на Република Северна Македонија.

### 1.1. ИДЕНТИФИКАТОР НА ПРОДУКТОТ

**Име на производот:** **MOBILMET 766**
**Опис на производот:** Базично масло и адитиви
**Шифра на производот:** 201570201085, 663526-60

### 1.2. РЕЛЕВАНТНИ ИДЕНТИФИКУВАНИ НАМЕНИ НА СУПСТАНЦАТА ИЛИ СМЕСАТА И НАМЕНИ КОИ НЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВААТ

**Планирана употреба:** Флуид за процесирање на метали

**Намени кои не се препорачуваат:** Нема освен ако не е спомнато на друго место во овој SDS [лист со безбедносни податоци]

### 1.3. ПОДРОБНОСТИ ЗА НАБАВУВАЧОТ НА ЛИСТОТ СО БЕЗБЕДНОСНИ ПОДАТОЦИ

**Снабдувач:** **ExxonMobil Petroleum & Chemical BV**
ПОЛДЕРДИЈКВЕГ
B-2030 АНТВЕРП
Белгија

**Технички информации за производот:** +420 2 2145 6426

### 1.4. ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА ИТНИ СЛУЧАИ

**Национален центар за контрола на отрови:** +389 23 147 635 , contact@toxicocenter.com.mk

| СЕКЦИЈА 2 | ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОПАСНОСТИ |
|---|---|

### 2.1. КЛАСИФИКАЦИЈА НА СУПСТАНЦА ИЛИ СМЕСА

**Класификација според Регулативата (ЕК) No 1272/2008**

Не е класифициран

### 2.2. ЕЛЕМЕНТИ НА ОЗНАКАТА

**Да се означи според Регулативата (ЕК) бр. 1272/2008**

**Искази за опасност:**

дополнителни:
EUH210: На барање податоците за безбедносен лист се на располагање.

### 2.3. ДРУГИ ОПАСНОСТИ

**Физички / хемиски опасности:**
Нема значајни ризици.

**ЗДРАВСТВЕНИ ОПАСНОСТИ:**
Поткожно инјектирање при висок притисок може да доведе до сериозно оштетување. Овој производ може да се користи во некои случаи каде што може да дојде до образување ситни капки. Претерано изложување на течности и ситни капки може да предизвика надразнување на кожата и очите. Дополнително, претерано изложување на ситните капки може да предизвика респираторно надразнување и оштетување и да ги влоши претходните состојби на афизема или астма. Веднаш да се побара медицинска помош. Да не се предизвикува повраќање.

**Еколошки опасности:**
Нема значајни ризици.Материјалот не ги исполнува критериумите за PBT или vPvB во согласност со REACH Анекс XIII.

**Ендокрини нарушувачки својства:**
Не содржи супстанца(и) кои се познати да имаат ендокрини нарушувачки својства.

## СЕКЦИЈА 3 СОСТАВ/ИНФОРМАЦИИ ЗА СОСТОЈКИТЕ

**3.1. СУПСТАНЦИ** Не е применливо. Овој материјал е регулиран како смеса.

### 3.2. СМЕСИ

Овој материјал се дефинира како смеса.

**Супстанци кои се пријавуваат кои се во согласност со критериумите за класификација и/или со границата на изложеност (OEL)**

| Име на производот | CAS (Сервис за апстракти по хемија)# | EC# | Регистрација# | Концентрација* | GHS/CLP класификација | Специфични конц. граници, М-фактори и ATE |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2,6-ДИ-TERT-БУТИЛ-Р-КРЕЗОЛ | 128-37-0 | 204-881-4 | 01-2119565113-46 | 0.1 - < 1% | Aquatic Acute 1 H400 (M factor 1), Aquatic Chronic 1 H410 (M factor 1) | - |
| ПЕНТЕН, 2,4,4-ТРИМЕТИЛ-, СУЛФУРИРАН | 68515-88-8 | 271-114-8 | NE | 1 - < 5% | [Acute Tox. 5 H303], [Skin Irrit. 3 H316] | - |
| СУЛФОНСКИ КИСЕЛИНИ, ПЕТРОЛЕЈ, КАЛЦИУМОВИ СОЛИ | 61789-86-4 | 263-093-9 | 01-2119488992-18 | 1 - < 5% | OEL [Occupational Exposure Limits - Граници за изложеност на работно место] | - |

Забелешка - било која класификација во аглести загради е GHS градивен блок што не е прифатен од ЕУ во CLP регулативата (No 1272/2008) и според тоа не се применува во ЕУ или во не-ЕУ земји кои ја имплементирале CLP регулативата и е прикажана само информативно.

ЗАБЕЛЕШКА: Види (M)SDS Секција 16 за целосен текст со изразите за опасност.

## СЕКЦИЈА 4 МЕРКИ ЗА ПРВА ПОМОШ

### 4.1. ОПИС НА МЕРКИ ЗА ПРВА ПОМОШ

**ВДИШУВАЊЕ**

Да се отстрани од понатамошно изложување. За оние кои пружаат помош, да избегнуваат изложување. Да се примени соодветна респираторна заштита. Ако се јави респираторно надразнување, зашеметеност, гадење или губење свест, веднаш да се побара медицинска помош. Ако запрело дишењето, да се даде вештачко дишење со помош на апарат или уста-на-уста.

**ДОПИР СО КОЖА**

Да се измијат допирните површини со сапун и вода. Ако овој производ се инјектира во или под кожата, или во кој и да е дел на телото, без разлика на изгледот на раната или големината, Лицето треба веднаш да биде прегледано од лекар како итен хируршки случај. Иако почетните симптоми од инјекцијата под висок притисок може да се минимални или отсутни, благовремената хируршка интервенција во првите неколку часа може значително да го намали конечниот степен на повредата.

**ДОПИР СО ОЧИ**

Да се измие темелно со вода. Ако дојде до надразнување, да се побара медицинска помош.

**ПРОГОЛТУВАЊЕ**

Вообичаено не е неопходна прва помош. Да се побара медицинска помош ако се јави непријатност.

### 4.2. НАЈВАЖНИ СИМПТОМИ И ЕФЕКТИ, КАКО АКУТНИ ТАКА И ОДЛОЖЕНИ

Локална некроза изразена како одложено чувство на болка и оштетување на кожата неколку часа по инјектирање.

### 4.3. ИНДИКАЦИИ ЗА БИЛО КОЈА ПОТРЕБА ОД ИТНО МЕДИЦИНСКО ВНИМАНИЕ И СПЕЦИЈАЛЕН ТРЕТМАН

Претходни состојби што може да се влошат со изложување вклучуваат емфизема и астма.

## СЕКЦИЈА 5 МЕРКИ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР

### 5.1. СРЕДСТВА ЗА ГАСЕЊЕ

**Соодветни медиуми за гасење пожар:** Да се употреби водена магла, суви хемикалии или јаглерод диоксид ($CO_2$) за да се изгаси пламенот.

**Несоодветни средства за гасење пожар:** Директни млазеви вода

### 5.2. СПЕЦИЈАЛНИ ОПАСНОСТИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СУПСТАНЦАТА ИЛИ СМЕСАТА

**Штетни производи на согорување:** Алдехиди, Производи на непотполно согорување, Јаглеродни оксиди, Чад, гасови, Сулфурни оксиди

### 5.3. СОВЕТ ЗА ПОЖАРНИКАРИТЕ

**Упатства за гасење пожар:** Да се евакуира областа. Да се спречи истекот при контрола на пожар или разредувањето да навлезе во потоци, канализација или резервоари за вода за пиење. Пожарникарите треба да носат стандардна заштитна опрема а во затворени простори самостојни апарати за дишење (SCBA). Да се употреби воден млаз за да се изладат површините изложени на пожар и да се заштити персоналот.

**Необични опасности од пожар:** Ситните капки под притисок може да формираат запалива смеса.

### ЗАПАЛИВИ СВОЈСТВА

**Температура на палење [Метод]:** >180°C (356°F) [ASTM D-92]
**Горни/долни граници на горење (Приближни волуменски % во воздух):** UEL: 7.0 LEL: 0.9 [Проценето]
**Температура на самозапалување:** Нема податоци на располагање

## СЕКЦИЈА 6 МЕРКИ ПРИ СЛУЧАЈНО ИСПУШТАЊЕ

### 6.1. ЛИЧНИ МЕРКИ ЗА ПРЕТПАЗЛИВОСТ, ЗАШТИТНА ОПРЕМА И ПОСТАПКИ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

**ПОСТАПКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Во случај на излевање или случајно ослободување, да се известат релевантните власти во согласност со применливите прописи

**ЗАШТИТНИ МЕРКИ**

Да се избегнува контакт со излеаната супстанца Види Секција 5 за противпожарни информации. Види ја Секцијата за идентификација на опасноста за значајни опасности. Види Секција 4 за Совет за прва помош. Види ја Секцијата 8 за совет околу минималната потребна лична заштитна опрема. Може да се потребни и дополнителни заштитни мерки во зависност од специфичните услови и/или стручната проценка на екипата за брз одговор.

За екипите за брза интервенција: Респираторна заштита: респираторната заштита е неопходна само во специјални случаи, на пример, при образување на ситни капки магла. Може да се користи маска за дишење за пола или за цело лице со филтри за прашина/органски пареи или самостојна апаратура за дишење (SCBA) во зависност од големината на изливот и потенцијалот на изложување. Ако изложувањето не може целосно да се карактеризира или е можна атмосфера со недостаток на кислород се препорачува SCBA. Се препорачуваат ракавици отпорни на јаглеводороди. Ракавиците од поливинил ацетат (PVA) не се водоотпорни и не се погодни за критични ситуации. Ако е можно да дојде до испрскување или контакт со очите се препорачуваат хемиски очила. Мали изливи: обично е доволна стандардна антистатичка работна облека. Големи изливи: се препорачува целосно одело отпорно на хемикалии и од антистатички материјал.

### 6.2. ЕКОЛОШКИ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Големи излевања: Да се подигне насип далеку од течниот излив за подоцна да се оспособи и уништи Да се спречи да навлезе во водните патишта, канализација, подруми или ограничени простори.

### 6.3. МЕТОДИ И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ

**Излевање на земја:** Да се запре истекувањето само ако тоа може да се направи без ризик. Да се извлече со пумпање или со соодветен апсорбенс.

**Излевање во вода:** Да се запре истекувањето само ако тоа може да се направи без ризик. Да се огради изливот со пловки. Да се предупредат другите пловила. Да се отстрани од површината механички или со апсорбенти. Да се побара совет од експерт пред да се користат средства за

дисперзија.

Препораките за излеvawa во вода или на копно се засновани на најверојатниот развој на настаните за оваа супстанца; меѓутоа, географските услови, ветерот, температурата, (и во случај на излевawе во вода) таласите и правецот и брзината на струите може многу да влијаат на тоа какви мерки да се превземат. Од тие причини, треба да се консултираат локалните експерти. Локалните прописи може да одредуваат или ограничуваат кои мерки да се превземат.

**6.4. ПОВИКУВАЊЕ НА ДРУГИ СЕКЦИИ**

Види Секција 8 и 13.

## СЕКЦИЈА 7 РАКУВАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ

**7.1. МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ ЗА БЕЗБЕДНО РАКУВАЊЕ**

Да се избегнува дишење на капките или пареите. Мали метални честички од машинеријата може да предизвикаат лупење на кожата и да ја предиспонираат за дерматит. Да се спречат мали излевања и одлевање за да се избегне опасност од лизнување Супстанцата може да акумулира статичен електрицитет што може да предизвика електрична искра (изор на палење). Кога се ракува со големи колични на супстанцата, електрична искра може да ги потпали присутните запаливи пареи од течности или остатоци (на пример, при операции на замена на товар). Да се применуваат пропсини постапки за поврзување и/или заземјување. Меѓутоа, спојките и заземјувањето не мора да ја отстанат опасноста од акумулаиција на статичен електрицитиет. Провери и следи ги неопходните локални стандарди. Како дополнителни референци може да се користат Американскиот институт за нафта 2003 (Заштита против палење што произлегува од статитчен електрицитет, секавици и залутани струи) или Националната агенциај за заштита од пожари 77 (Препорачана практика за статичен електрицитет) или CENELEC CLC/TR 50404 (Електростатика - Правила за практиката за избегнување на опасности што се должат на статичен електрицитет).

**Акумулатор на статички електрицитет:** Оваа супстанца акумулира статичен електрицитет.

**7.2. УСЛОВИ ЗА БЕЗБЕДНО СКЛАДИРАЊЕ, ВКЛУЧУВАЈЌИ И НЕСООДВЕТНОСТИ**

Типот на садот што се користи за складирање на материјалот може да влијае врз акумулацијата и расејувањето на статичкиот електрицитет. Да не се скladира во отворени или неозначени садови.

**7.3. СПЕЦИФИЧНИ КРАЈНИ НАМЕНИ**

Секција 1 информира за идентификувани крајни намени. Нема на располагање индустриски или секторско специфичен водич.

## СЕКЦИЈА 8 КОНТРОЛА НА ИЗЛОЖЕНОСТ / ЛИЧНА ЗАШТИТА

**8.1. КОНТРОЛНИ ПАРАМЕТРИ**

**ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА ИЗЛОЖЕНОСТ**

**Граници на изложеност/стандарди(забелешка:Границите на изложеност не се адитиви):**

| Име на супстанца | Формулар | Граница / Стандард | | | ЗАБЕЛЕШКА | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2,6-ДИ-ТЕРТ-БУТИЛ-Р-КРЕЗОЛ | Фракција | TWA | 2 mg/m3 | | | ACGIH |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | и пареа што се вдишува | | | | | |

**Granici na izlo`enost/standardi za supstancii koi mo`e da se obrazuvaat pri rakuvawe na ovoj proizvod** Во случај на појава на ситни капки/аеросоли се препорачува: 5 mg/m³ - ACGIH (American Conference of Governmental Industrial Hygienists - Американска конференција на индустриски хигиеничари) TLV (Threshold Limit Values - Праг на гранични вредности) (фракција што се вдишува).

Забелешка: Информацијата за препорачаните постапки за надзор може да се добие од релевантните агенции/институции:
Европска агенција за безбедност при работа (EU_OSHA)

### 8.2. КОНТРОЛИ ЗА ИЗЛОЖУВАЊЕ

### ТЕХНОЛОШКА КОНТРОЛА

Неопходните ниво на заштита и типовите на контрола ќе зависат од потенцијалните услови на изложеност. Контролни мерки кои треба да се земат предвид:
Нема специјални барања при обични услови на употреба и соодветно проветрување.

### ЛИЧНА ЗАШТИТА

Изборот на личната заштитна опрема зависи од потенцијалните услови на изложеност како што се примената, начинот на ракување, концентрациите и проветрувањето. Информацијата при изборот на заштитната опрема за употреба со оваа материја, како што е дадена подолу, е заснована на планираната, нормала употреба.

**Респираторна заштита:** Ако технолошките решенија не ја одржуваат концентрацијата на воздушните загадувачи на ниво соодветно за да го заштити здравјето на работникот, може да е потребен одобрен респиратор. Изборот на респиратор, употребата и одржувањето мора да е во согласност со пропишаните барања, ако има такви. Типовите на респиратори кои треба да се земат предвид за оваа материја вклучуваат:
Се препорачува респиратор за прочистување на воздухот од честички одобрен за прашина / маслени капки. Стандардите EN 136, 140 и 405 од Европскиот комитет за стандардизација (CEN) дава маски за дишење и EN 149 и 143 дава препораки за филтри.

За високи концентрации на честички во воздухот, да се употребува одобрен респиратор со дотур на воздух кој е со надпритисок. Ако нивото на кислород е недоволно, ако предупредувачките својства за гасот/пареата се слаби, или ако капацитетот/класата на филтерот за прочистување може да се надминат тогаш може да бидат погодни респиратори со дотур на воздух и безбедносна боца.

**Заштита на раце:** Секоја наведена информација за специфични ракавици се заснова на објавена литература и податоци од производителите на ракавици. Стабилноста на ракавиците и трајноста се разликува и зависи од специфичните улови на употреба. Да се контактира производителот на ракавици за специфични совети при избор на ракавици и трајноста за вашите специфични услови на употреба. Да се проверат и да се заменат истрошените или оштетените ракавици. Типовите ракавици што може да се земат предвид за овој материјал се:
Вообичаено нема потреба од заштита при нормални услови на употреба.

**Заштита на очите:** Ако е веројатен контакт, се препорачуваат очила со странична заштита. Хемиски тип на наочари треба да се носат при операции со ситни капки.

**Заштита на кожата и телото:** Секоја информација за специфична облека е заснована на објавена литература или податоци од производителот. Типовите на облека кои треба да се земат предвид за оваа супстанца се:

Вообичаено нема потреба од заштита на кожата при нормални услови на употреба. Во согласност со добрата индустриска хигиенска пракса, треба да се превземат мерки на претпазливост за да се избегне допир со кожа.

**Специфични хигијенски мерки:** Секогаш да се превземаат мерки на добра лична хигиена, како што се миење по ракување со супстанцата и пред јадење, пиење и/или пушење. Редовно да се пере облеката и заштитната опрема за да се отстранат контаминантите. Да се уништи контаминіраната облека и обувки што не може да се исчистат. Да се применува домаќинско работење.

**ЕКОЛОШКА КОНТРОЛА**

Да се почитуваат применливите прописи за животната средина кои се однесуваат на ограничување на испустот во воздух, вода и почва. Да се заштити животната средина со примена на соодветните контролни мерки за да се спречат или ограничат емисиите.

## СЕКЦИЈА 9 ФИЗИЧКИ И ХЕМИСКИ СВОЈСТВА

**Забелешка: Физичките и хемиски својства се дадени само заради безбедност, здравје и заштита на животната околина и може во целост да не ги претставуваат спецификациите на производот. Да се контактира Набавувачот за дополнителни информации.**

### 9.1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ОСНОВНИ ФИЗИЧКИ И ХЕМИСКИ СВОЈСТВА

**Физичка состојба:** Течност
**Боја:** Килибарен
**Мирис:** Карактеристичен
**Праг на мирис:** Нема податоци на располагање
**Температура на топење / Температура на мрзнење/стврднување:** Не е технички можно / Нема податоци на располагање
**Почетна температура на вриење / и опсег на вриење:** > 316°C (600°F) [Проценето]
**Запаливост (цврсто, гас):** Не е технички можно
**Долна и горна граница на експлозивност:** UEL: 7.0 LEL: 0.9 [Проценето]
**Температура на палење [Метод]:** >180°C (356°F) [ASTM D-92]
**Температура на самозапалување:** Нема податоци на располагање
**Температура на разложување:** Нема податоци на располагање
**pH:** Не е технички можно
**Кинематичка вискозност:** 35.5 cSt (35.5 mm2/sec) на 40 °C | 6.1 cSt (6.1 mm2/sec) на 100°C [ASTM D 445]
**Растворливост:** Занемарлив
**Распределителен коефициент (n-октанол/вода распределителен коефициент):** > 3.5 [Проценето]
**Парен притисок:** < 0.013 kPa (0.1 mm Hg) на 20 °C [Проценето]
**Релативна густина (на 15 °C):** 0.885 [ASTM D4052]
**Релативна густина на пареа (Воздух = 1):** > 2 на 101 kPa [Проценето]
**Брзина на испарување (n-бутил ацетат = 1):** Нема податоци на располагање

**Експлозивни својства:** Ниеден
**Оксидациски својства:** Ниеден
**Карактеристики на честички**
**Средна вредност на големина на честички:** Не е применлив

**9.2. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ**

**Точка на течење:** -10°C (14°F) [ASTM D97]
**DMSO екстракт (само за минерално масло), IP-346:** < 3 %wt (% тежински)

**9.2.1. ИНФОРМАЦИИ ВО ОДНОС НА КЛАСИТЕ НА ФИЗИЧКИ РИЗИК**
Нема податоци на располагање

**9.2.2. ДРУГИ БЕЗБЕДНОСНИ КАРАКТЕРИСТИКИ**
Нема податоци на располагање

## СЕКЦИЈА 10 СТАБИЛНОСТ И РЕАКТИВНОСТ

**10.1. РЕАКТИВНОСТ:** Види ги потсекциите подолу.

**10.2. ХЕМИСКА СТАБИЛНОСТ:** Супстанцата е стабилна при нормални услови.

**10.3. МОЖНОСТ ОД ОПАСНИ РЕАКЦИИ:** Нема да дојде до опасна полимеризација.

**10.4. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗБЕГНАТ:** Многу топлина. Високоенергетски извори на палење.

**10.5. НЕКОМПАТИБИЛНИ МАТЕРИЈАЛИ:** Силни оксидациски средства

**10.6. ОПАСНИ ПРОИЗВОДИ ПРИ РАЗЛОЖУВАЊЕ:** Супстанцата не се разложува при амбиентални температури.

## СЕКЦИЈА 11 ТОКСИКОЛОШКИ ИНФОРМАЦИИ

**11.1. ИННФОРМАЦИИ ЗА КЛАСИТЕ НА РИЗИК КАКО ШТО СЕ ДЕФИНИРАНИ ВО РЕГУЛАТИВАТА (ЕК) БР. 1272/2008**

| Класа на опасност | Заклучок / Забелешки |
|---|---|
| **Вдишување** | |
| АКУТНА ТОКСИЧНОСТ: Нема податоци за граничната точка за материјалот. | Минимално Токсичен. Засновано на процена на состојките. |
| Надразнување: Нема податоци за граничната точка за материјалот. | Занемарлива опасност при амбиентални/нормални температури на ракување. |
| **ПРОГОЛТУВАЊЕ** | |
| АКУТНА ТОКСИЧНОСТ: Нема податоци за граничната точка за материјалот. | Минимално Токсичен. Засновано на процена на состојките. |
| **Кожа** | |
| АКУТНА ТОКСИЧНОСТ: Нема податоци за граничната точка за материјалот. | Минимално Токсичен. Засновано на процена на состојките. |
| Корозија на кожата/Надразнување: Нема податоци за граничната точка за материјалот. | Занемарливо надразнување на кожата при амбиентални температури. Засновано на процена на состојките. |

| | |
|---|---|
| **Око** | |
| Сериозно оштетување на очите/Надразнување: Нема податоци за граничната точка за материјалот. | Може да предизивка блага, краткотрајна непријатност за очите. Засновано на процена на состојките. |
| **Сензибилизација.** | |
| Респираторна сензибилизација: За материјалот не постои податок за крајна точка. | Не се очекува дека е респираторен сензибилизатор. |
| Сензибилизација на кожата: За материјалот не постои податок за крајна точка. | Не се очекува дека е сензибилизатор на кожата. Засновано на процена на состојките. |
| **Аспирација:** Податоци на располагање. | Не се очекува дека е ризик за дишењето. Базирано врз физичко-хемиски својства на материјалот. |
| **Мутагеност на зародишни клетки:** За материјалот не постои податок за крајна точка. | Не се очекува дека е мутаген за зародишни клетки. Засновано на процена на состојките. |
| **Канцерогеност:** За материјалот не постои податок за крајна точка. | Не се очекува дека предизвикува рак. Засновано на процена на состојките. |
| **Репродуктивна токсичност:** За материјалот не постои податок за крајна точка. | Не се очекува дека е токсична супстанца за репродуктивниот систем. Засновано на процена на состојките. |
| **Лактација:** За материјалот не постои податок за крајна точка. | Не се очекува дека предизвикува оштетувања на деца кои се дојат. |
| **Специфична токсичност на целен орган (STOT)** | |
| Единечно изложување: За материјалот не постои податок за крајна точка. | Не се очекува дека предизвикува оштетување на органи од единично изложување. |
| Повторено изложување: За материјалот не постои податок за крајна точка. | Не се очекува дека предизвикува оштетување на органи од продолжено и повеќекратно изложување. Засновано на процена на состојките. |

### ТОКСИЧНОСТ ЗА СУПСТАНЦИ

| ИМЕ | АКУТНА ТОКСИЧНОСТ |
|---|---|
| ПЕНТЕН, 2,4,4-ТРИМЕТИЛ-, СУЛФУРИРАН | Орална смртоносност: LD50 3264 mg/kg (Стаорец) |

### 11.2. ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУГИ РИЗИЦИ

### 11.2.1 ЕНДОКРИНИ НАРУШУВАЧКИ СВОЈСТВА

Не содржи супстанца(и) кои се познати да имаат ендокрини нарушувачки својства кои влијаат на човековото здравје.

### 11.2.2 ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**За самиот производ:**

Повторено и/или продолжено изложување може да предизвика надразнување на кожата, очите или респираторниот тракт. Концентрациите на состојките во овој препарат не се очекува дека ќе предизвикаат сензибилизација на кожата, врз основа на тестови на состојките, овој препарат или слични препарати.
Ситни капки (магла) од масло (високо рафинирано масло): Животни изложени на високи концентрации на ситни капки од масло развиле ретенција на масло, воспаление како и маслени грануломи во распираторниот тракт.
Масла изложени на високи температури, или услови на крекирање, или при мешање со отпадни / употребени масла може да воведат полициклични ароматични соединенија или микробни контаминанти што може да резултира со рак или сериозни респираторни ризици.

**Содржи:**
Базично масло многу рафинирано: Не е канцерогено во студии врз животни. Репрезентативен примерок ги поминува IP-346, модифицираниот Ames тест, и/или други тестови за проверка. Кожни и инхалациони студии покажале минимални ефекти; не-специфична инфилтрација на имуни клетки во белите дробови, таложење на масло и минимално образување на грануломи. Не е сензибилизирачко кај животни.

## СЕКЦИЈА 12 ЕКОЛОШКИ ИНФОРМАЦИИ

Дадените информации се засновани врз податоци за материјалот, состојките на материјалот или за слични материјали со примена на принципите на премостување.

### 12.1. ТОКСИЧНОСТ

Материја -- Не се очекува да е штетно за водни организми.

### 12.2. ОПСТОЈУВАЊЕ И РАЗЛОЖУВАЊЕ

**Биодеградација:**

Состојка на базично масло -- Се очекува дека е природно биораспадлив

### 12.3. БИОАКУМУЛАТИВЕН ПОТЕНЦИЈАЛ

Состојка на базично масло -- Има потенцијал да се биоакумулира, меѓутоа метаболизмот или физичките својства може да ја намалат биоконцентрацијата или да ја ограничат биодостапноста.

### 12.4. ПОДВИЖНОСТ ВО ПОЧВА

Состојка на базично масло -- Малку растворлив и плови и се очекува да мигрира од вода на земја. Се очекува да се распредели меѓу седиментот и цврстите честички во отпадната вода.

### 12.5. РЕЗУЛТАТИТЕ ОД БЕЗБЕДНОСНАТА ПРОЦЕНКА НА PBT [постојаност, биоакумулативност и токсичност] И vPvB [голема отпорност и голема биоакумулативност]

Материјалот не ги исполнува критериумите на Анексот XIII на Reach [Registration, Evaluation, Authorisation and Restriction of Chemicals - Регистрација, оценување, овластување и ограничување на хемиски супстанци] за PBT [Persistent, Bioaccumulative, Toxic - постојана, биоакумулативна и токсична] или за vPvB [very Persistent, very Bioaccumulative - многу постојана и многу биоакумулативна].

### 12.6. ЕНДОКРИНИ НАРУШУВАЧКИ СВОЈСТВА

Не содржи супстанца(и) кои се познати да имаат ендокрини нарушувачки својства кои влијаат на животната средина.

### 12.7. ДРУГИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Не се очекуваат неповолни дејства.

## СЕКЦИЈА 13 ФАКТОРИ ПРИ УНИШТУВАЊЕ

Препораките за уништување се засновани за супстанцата како што е испорачана. Уништувањето мора да е во согласност со постојните соодветни закони и прописи, и карактеристиките на супстанцата во времето на уништување.

### 13.1. МЕТОДИ ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА ОТПАД

Производот е погоден за палење во затворен контролиран пламеник заради горивната вредност или уништување со согорување на многу високи температури под надзор за да се спречи формирање на несакани производи на согорување.

**Европска шифра за отпад:** 12 01 07*

ЗАБЕЛЕШКА: Овие шифри се доделуваат врз основа на најчестите примени за оваа материја и може да не ги одразуваат контаминантите при дадената употреба. Оние кои го продуцираат отпадот треба да го проценат применетиот процес кога го генерираат отпадот и неговите контаминанти за да може да одредат правилен код за уништување на отпадот.

Овој материјал се смета дека е опасен отпад според Директива 2008/98/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 19 ноември 2008 за отпад и поништување на одредени Директиви, и подлежи на одредбите на Директивата освен во случај ако може да се примени Член 20 на Директивата.

**Предупредување за празна амбалажа** Предупредување за празната амбалажа (кога може да се примени): Празната амбалажа може да содржи остатоци и да е опасна. Да не се прават обиди повторно да се полни или да се чисти амбалажата без соодветно упатство. Празните буриња треба потполно да се исцедат и безбедно да се складираат до оспособување за повотрна употреба или уништување. Празната амбалажа треба да се однесе на рециклирање, обновување или уништување преку соодветен квалификуван претприемач, а во согласност со владините прописи. ДА НЕ СЕ ПОДЛОЖУВА НА ПРИТИСОК, СЕЧЕ, ЗАВАРУВА, ЛЕМИ, ДУПЧИ, СТРУЖЕ ИЛИ ИЗЛОЖУВА ВАКВА АМБАЛАЖА НА ТОПЛИНА, ПЛАМЕН, ИСКРИ, СТАТИЧЕН ЕЛЕКТРИЦИТЕТ, ИЛИ ДРУГИ ИЗВОРИ НА ЗАПАЛУВАЊЕ. ТАА МОЖЕ ДА ЕКСПЛОДИРА И ДА ПРЕДИЗВИКА ПОВРЕДА ИЛИ СМРТ.

## СЕКЦИЈА 14 ТРАНСПОРТНИ ИНФОРМАЦИИ

**ЗЕМЈА (ADR/RID):** **14.1-14.6** Не е регулирано за сувоземен транспорт

**ВНАТРЕШНИ ВОДОТЕЦИ (AND):** **14.1-14.6** Не е регулирано за внатрешен воден транспорт

**МОРЕ (IMDG):** **14.1-14.6** Не е регулирано за морски транспорт според кодот на IMDG

**SEA (MARPOL 73/78 Конвенција - Анекс II):**
**14.7. Поморски транспорт на рефус според IMO инструменти**
Не е класифициран според Анекс II

**Воздух (IATA):** **14.1-14.6** Не е регулирано за воздушен транспорт

## СЕКЦИЈА 15 РЕГУЛАТОРНИ ИНФОРМАЦИИ

**РЕГУЛАТОРЕН СТАТУС И ПРИМЕНЛИВИ ЗАКОНИ И ПРОПИСИ**

**На списокот или исклучен од списокот/нотификациите во следните хемиски инвентарни листи :**
AIIC, DSL, ENCS, IECSC, KECI, PICCS, TCSI, TSCA

**15.1. ЗДРАВСТВЕНИ И ЕКОЛОШКИ ПРАВИЛНИЦИ/ЗАКОНИ СПЕЦИФИЧНИ ЗА СУПСТАНЦА ИЛИ СМЕСА**

**Применливи ЕУ директиви и прописи:**

1907/2006 [... за регистрација, евалуација, авторизација и ограничување на хемикалии ... и соодветните амандмани]
1272/2008 [за класификација, означување и пакување на супстанци и смеси.. и нивните амандмани]

**REACH Ограничување на производство, продажба и употреба на одредени опасни супстанци, смеси и производи (Анекс XVII):**
Следните ставки од Анекс XVII може да се земат предвид за овој производ: None

## 15.2. ПРОЦЕНКА НА ХЕМИСКАТА БЕЗБЕДНОСТ

**REACH информација:** Извршена е Хемиска безбедносна проценка за една или повеќе супстанци во овој материјал.

## СЕКЦИЈА 16 ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**ЛИТЕРАТУРА:** Извори на информации за подготовка на овој SDS вклучуваат еден или повеќе од следниве: резултати од сопствени или токсиколошки студии на набавувачи, CONCAWE Product Dossiers, публикации од други трговски асоцијации, како што се EU Hydrocarbon Solvents REACH Consortium, U.S. HPV Program Robust Summaries, EU IUCLID Data Base, U.S. NTP публикации, и други извори, во зависност од случајот.

**Список на кратенки и акроними што би можело (но не мора) се користат во овој лист со безбедносни податоци:**

| Акроним | Целосен текст |
| --- | --- |
| N/A (не е применливо) | Не важи |
| N/D (не е определено) | Не е определен |
| NE | Не е утврдено |
| VOC | Испарливо органско соединение |
| AIIC | Австралиски попис на индустриски хемикалии |
| AIHA (American Industrial Hygiene Association - Американска асоцијација за индустриска хигиена) WEEL (Workplace Environmental Exposure Limit - Праг на изложување во работната околина) | Асоцијација на американска индустриска хигиена |
| ASTM | ASTM Интернационал, во почетокот познат како Американско друштво за тестирање и материјали (ASTM) |
| DSL | Домашен список на супстанци (Канада) |
| EINECS | Европска инвентарна книга на постоечки комерцијални супстанци |

| | |
|---|---|
| ELINCS | Европска листа на пријавени хемиски супстанци |
| ENCS | Постоечки и нови хемиски супстанци (Јапонска инвентарна книга) |
| IECSC | Инвентарна книга на постоечки хемиски супстанци на Кина |
| KECI | Корејска инвентарна книга на постоечки хемикалии |
| NDSL | Листа на не-домашни супстанци (Канада) |
| NZIoC | Инвентарна книга на хемикалии од Нов Зеланд |
| PICCS | Филипинска инвентарна книга на хемикалии и хемиски супстанци |
| TLV | Гранична лимитирачка вредност (Американска конференција на владини индустриски хигиеничари |
| TSCA | Акт за контрола на токсични супстанци (Инвентарна книга на САД) |
| UVCB | Супстанци од непознат или променлив состав, комплексни реакциски продукти или биолошки материјали |
| LC | Смртоносна концентрација |
| LD | Смртоносна доза |
| LL | Смртоносно полнење |
| EC | Ефективна концентрација |
| EL | Ефективно полнење |
| NOEC | Нема концентрација за забележливи ефекти |
| NOELR | Нема стапка за полнење за забележливи ефекти |

**ЛЕГЕНДА ЗА Н-КОДОВИТЕ СОДРЖАНИ ВО СЕКЦИЈА 3 ОД ОВОЈ ДОКУМЕНТ (дадена само информативно):**
[Акутна токс. 5 H303]: Може да е штетен ако се проголта; Акутна токс. орална, Кат 5
[надр. кожа 3 H316]: Предизвикува благо надразнување на кожата; кожа кор/надразнување, кат 3
Кожа сенз. 1 H317: Може да предизвика алергиска реакција на кожата; Сензибилизација на кожа, Кат 1
Водна акутна 1 H400: Многу токсичен за водниот живот; Акутна еко. токс., Кат 1
Водна хронична 1 H410: Многу токсичен за водниот живот со долгорочно дејство; Хронична еко. токс., Кат 1

**ОВОЈ БЕЗБЕДНОСЕН КАРТОН ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИВЕ РЕВИЗИИ:**
Состав: Табела на компоненти за REACH [Регистрација, оценување, овластување и ограничување на хемиски супстанци] модифицирана е информација.
Секција 02: GHS Исказ за сензибилизатор избришана е информација.
Поглавје 09 средна вредност на големина на честички додадена е информација.
Секција 09: Температура на смрзнување C(F) избришана е информација.
Секција 09: Температура на топење C(F) избришана е информација.
Поглавје 11 ЕУ Анекс II Податоци за ендокрини нарушувачи додадена е информација.
Поглавје 12 ЕУ Анекс II Податоци за ендокрини нарушувачи додадена е информација.
Секција 13: Европска шифра за отпад забелешка за опасности модифицирана е информација.
Поглавје 2 ЕУ Анекс II Податоци за ендокрини нарушувачи додадена е информација.
Поглавје 9 температури на топење и мрзнење додадена е информација.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Информациите и препораките содржани тука, според најдобрите сознанија и верувања на ExxonMobil се точни и сигурни на датумот кога се издадени. Може да стапите во врска со ExxonMobil да проверите дали овој документ е последниот што го има ExxonMobil. Информациите и препораките се дадени за корисникот да ги разгледа и испита. Одговорноста е на корисникот да се увери дека производот одговара за планираната употреба. Ако купувачот го препакува овој производ, одговорноста е на корисникот да обезбеди правилни здравствени, безбедносни и други неопходни информации со и/или на амбалажата. Соодветните предупредувања за начини на безбедно ракување треба да се дадат на оние кои ракуваат и на корисниците. Менувањето на овој документ е строго забрането. Освен во случај кога тоа го бара законот, објавување или пренос на овој документ, во целост или делумно, не е дозволен. Изразот „ExxonMobil“ се користи од практични причини а може да ги вклучи

кои и да е од ExxonMobil Chemical Company, Exxon Mobil Corporation, или придружните фирми во кои тие директно или индиректно имаат интерес.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Само за интерна употреба
MHC: 0B, 0B, 0, 0, 0, 0 PPEC: A

DGN: 2010481XMK (549389)

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој производ не е класификуван за човеково здравје и еколошки ризици, и не е неопходно сценарио за изложеност. Овој ПБЛ ги пренесува соодветните мерки за менаџирање на ризикот.

## АНЕКС

За овој материјал не е потребен Анекс.